ство, работните луѓе, младината и граѓаните во нашата земја.

— Да развива активности во подготовките на членството, работните луѓе и граѓаните за општонародната одбрана и самозаштита.

3. Во чл. 22, во алинејата 5 зборот „редакцискиот" да се замени со зборот „издавачкиот".

4. Во чл. 24 во првата алинеја во првиот ред бројката „9—11" да се замени со „11—13".

5. Во чл. 28 во алинеја трета реченицата да заврши со „и Комисијата за општонародна одбрана и самозаштита".

6. Чл. 34 да се измени и да гласи: „Списанието го уредува Редакција. Таа се состои од 3 до 5 члена и се избира на редовно собрание на Сојузот. Со работата на Редакцијата раководи главен и одговорен уредник. Тој се избира на редовно собрание на Сојузот. Редакцијата за својата двегодишна работа поднесува извештај на редовното собрание на Сојузот.

Редакцијата во периодот меѓу двете годишни собранија работи и одговара за исполнување на своите задачи пред Издавачкиот одбор, а до неговото создавање пред Извршниот одбор на Сојузот и е должна на истиот да му поднесува периодичен извештај".

7. Чл. 35 да се измени и да гласи: „Надлежноста и задачите на Редакцијата поконкретно се утврдуваат со посебен Правилник за работа на Редакцијата и други нужни нормативни акти, кои на предлог на истата ги донесува Издавачкиот совет, а до неговото создавање Извршниот одбор на Сојузот".

На крајот согласно Статутот на предлог на Друштвото на историчарите на Тетово собранието одлучи идното XII-то собрание да се одржи во Тетово.

Во рамките на последната 7-ма точка делегатите со тајно гласање извршија избор на новите раководни органи на Сојузот. Во новите раководни органи беа избрани сите предложени кандидати по кандидатските листи на Кандидационата комисија.

Повторно избраниот претседател на Сојузот д-р Петар Стојанов, заблагодарувајќи им се на делегатите за изборот од свое име и од името на сите избрани во новите раководни тела на Сојузот, ги покани делегатите, а преку нив и сето членство на Сојузот за соработка со ИО и за уште поголема активност и поуспешна работа до XII-то собрание.

Со ова Собранието ја заврши својата работа.

**Г. Н.**

## МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН СИМПОЗИУМ ПОСВЕТЕН НА 100-ГОДИШНИНАТА НА ВОСТАНИЕТО ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, НА ДРУГИТЕ БАЛКАНСКИ ЗЕМЈИ И НА ИСТОЧНАТА КРИЗА 1875—1878 ГОДИНА

Во организација на Меѓуакадемискиот одбор на советите на академиите на науките и уметностите на СФРЈ се одржа научен симпозиум од 1—3. октомври 1975 година во Сараево (Илиџа) посветен на настаните содржани во горниов наслов.

Интересот во научните кругови за крупните историски настани што се случија пред 100 години ги надмина не само границите на СФРЈ (домаќин на овој Симпозиум), туку и на Балканскиот Полуостров, што тогаш беше во жижата на тие настани. Во прилог на горнава наша констатација зборува фактот што на Симпозиумот учествуваа 134 историчари. Најбројни беа учесниците од СФРЈ — 102, а од странство имаше 32 претставници на 10 земји (Грција — 4, Германија — 1, Австрија — 2, Унгарија — 2, САД — 1, Италија — 1, СССР — 8, Бугарија — 8, ЧССР — 3, Полска — 2).

Симпозиумот работеше во пленарни седници и во 3 секции. На првата пленарна седница беа презентирани 3 реферати и тоа:

1. ИСТОЧНАТА КРИЗА ОД 1875—1878. И НЕЈЗИНОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ КОН КРАЈОТ НА 19 И ПОЧЕТОКОТ НА 20 ВЕК, — референт академик д-р Васо Чубриловиќ.

2. ИСТОЧНАТА КРИЗА ОД 1875—1878. И ВЕЛИКИТЕ СИЛИ (резултати и проблеми на истражувањата), референт академик д-р Алексеј Леоновиќ Нарочницки (СССР).

и 3. ИСТОРИСКОТО ЗНАЧЕЊЕ НА ВОСТАНИЕТО ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА 1875—1878, — референт академик д-р Милорад Екмечиќ.

Оквирните теми на секциите ги имаа овие наслови:

I Секција

ИСТОЧНАТА КРИЗА И МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ.

II Секција

ВОСТАНИЈА И ВОЈНИ НА БАЛКАНОТ.

III Секција

СОЦИЈАЛИСТИЧКИ И ДЕМОКРАТСКИ ДВИЖЕЊА И ПОМОШ НА ВОСТАНИЦИТЕ.

Во првата секција беа прочитани 27 реферати и соопштенија; во втората 25 и во третата 25.

Странските референти ги читаа своите прилози главно на руски, француски, германски или англиски јазик.

Немајќи увид во сите резимеа од рефератите што беа презентирани во текот на Симпозиумот, од оние излагања на кои присуствував, од целосните реферати што беа умножени и доставени на учесниците, како и од дискусиите, што главно беа содржајни и коректни, можеме слободно да констатираме дека овој Симпозиум е заслужен што историската наука се збогати со нови објавени архивски податоци, со нови заклучоци за поедини настани и процеси и со пообјективни гледања на настаните во рамките на „Источното прашање“ воопшто и „ИСТОЧНАТА КРИЗА“ од зафатениот период на овој Симпозиум, посебно. Оваа наша констатација е уште повеќе афирмативна со оглед на тоа што повеќето од анализите и заклучоците, како и дискусиите имаа во својата основа историско дијалектичкиот материјализам како методски приод кон поодделните појави и настани и современите социјалистички разбирања на историјата, според кои во основата на сите настани лежат економските и општествените односи. Низ презентираните содржини на овој научен симпозиум, особено во некои излагања, токму на економските интереси на големите сили се прилагодувала нивната дипломатија во прелудиумот на круп-

ните настани, се употребувала нивната воена сила во времето на вооружените судрувања, или како заканување на својот ривал, а при прекројувањето на политичката карта на Европа не се избирале средства од нивните автори. Најмаркантни се примерите што го потврдуваат погоре кажаното со Рајхштатскиот таен договор, со играта на англиската дипломатија во текот на Кризата, со Сан Стефанскиот мир, а пред сè како круна на сите претходни настани — Берлинскиот конгрес.

Заостанатата и зависната економски од големите сили Турција, благодарејќи на спротивностите на интересите на големите сили во „Источната криза", како и на итрините и интригите на својот „крвав" султан и комедиите со конституцискиот манифест, иако територијално смалена, можеше да го продолжи својот век на европскиот континент уште за три и пол децении.

Некои од малите полузависни држави по овие настани добија своја национална независност, но и се врзаа за своите „покровители", наредувајќи се притоа во двата спротивни империјалистички табори што потоа се формираа.

Поробените мали народи што и по овие настани останаа под нечие политичко, национално и економско угнетување и експлоатација, станаа објект на симпатиите на социјалистичките и демократските сили што ќе се конституираат и ќе ја засилат својата дејност со нови форми и методи на борба што ќе ги раздвижат масите мотивирани од социјалниот момент. Таков е впечатокот што ни се наметна од презентираните трудови и од дискусиите третирајќи ги погоре наведените проблеми.

Осумте учесници од СР Македонија имаа седум реферати со разноврсна тематика, во кои главно беа опфатени прашањата што се однесуваа на Македонија и македонскиот народ од она време. Двајца историчари од СРМ беа членови на Организациониот одбор на Симпозиумот (академиците М. Апостолски и Љ. Лапе).

На овој Симпозиум беше погодна приликата за обновување на поранешните врски и создавање нови, меѓу поедините научници и меѓу научните институции како меѓу нашите републики така и на билатерален државен план. Така на пример продолжен е и потпишан договор за взаемна соработка на полето на историската наука меѓу историчарите на СССР и историчарите на СФРЈ.

Од научна гледна точка овој Симпозиум наполно успеа и неговите научни резултати допрва ќе станат достојание на научните кругови што се занимаваат со овој период. Овој и вакviот успех не ќе беше постигнат ако немаше таква организација на Симпозиумот што речиси, беше предвидела сè што е нужно за успешното негово работење.

Сместувањето на учесниците и работата на Симпозиумот во иста зграда обиколена со прекрасно зеленило и со спокојство што „Илица" го има во октомвриските денови придонесоа интензивниот напор што беше вложен на овој Симпозиум да не се осети со сета негова тежина. И љубезните домаќини многу придонесоа за тоа.

**А. А.**